***ГРАД СКОПЈЕ***

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за комунални работи**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за комунални работи**

# Предлог - Програма

## за украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики, во 2023 година

**Скопје, декември 2022 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “бр.05/02) , и член 10 точка 4 алинеја 24 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје на _______ седница, одржана на __________ 20__година, донесе

# Програма
# за украсување на градот Скопје со знамиња
# по повод државни празници и други прилики, во 2023 година

## 1. Предмет

Со оваа Програма се уредуваат активностите, обемот, динамиката и начинот за украсување на градот Скопје со знамиња по повод државните празници и други прилики, како и финансирањето на програмата и надзорот над нејзиното извршување.

## 2. Планирани активности

Под активности за украсување на градот Скопје со знамиња на подрачјето на градот се подразбира поставување и отстранување на знамиња на Република Северна Македонија и Градот Скопје на метални држачи, поставени на столбови од јавното осветлување, како и транспортот, складирањето и одржувањето на знамињата (перење и пеглање),на дрвените и на металните држачи за знамиња.

## 3. Обем и динамика на поставување знамиња

Оваа Програма се реализира со поставување знамиња на магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје.

На подрачјето на градот Скопје се поставуваат знамиња по повод државни празници, кои што се дефинирани со Закон за празниците на Република Северна Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.21/98 и 18/07), согласно кој државни празници на Република Северна Македонија се:

-24 Мај -”Св.Кирил и Методиј”, Ден на сесловенските просветители;
-2 Август, Ден на Републиката;
-8 Септември, Ден на независноста;
-11 Октомври, Ден на народното востание;
-23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба и
-8 Декември, “Св.Климент Охридски”.

Исто така, на подрачјето на градот Скопје се поставуваат знамиња и по повод 13-ти Ноември, ден на ослободувањето на Скопје, за време на посета на

странски државници, по повод избори (претседателски, парламентарни и локални), како и во други прилики (референдум и сл.).

## 4. Начин на поставување знамиња

Поставувањето на знамињата започнува 24 часа пред, а завршува најдоцна 4 часа пред настапување на празникот.

Знамињата се поставуваат на метални држачи што се на висина од 5м.

Отстранувањето на знамињата започнува 8 часа по завршувањето на празникот, а завршува за, најдоцна, 24 часа.

## 5. Финансирање

Финансирање на Програмата се врши од средствата предвидени со Буџетот Град Скопје за 2023 година, Програма Ј0, ставка 426, во износ од 700.000 денари.

## 6. Извршител на програмата

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма преку Секторот за комунални работи и ЈП Паркови и зеленило – Скопје, како јавно претпријатие основано од Град Скопје.

## 7. Надзор

Надзор над извршувањето на Програмата врши Секорот за комунални работи.

Инспекциски надзор врши Секторот Инспекторат на Град Скопје преку овластените инспектори за комунални работи.

## 8. Завршна одредба

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Бр. ____________

__________ 20_год.

Скопје

Совет на Град Скопје
Претседател

______________________
Трајко Славески

Образложение

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија "бр.05/02) утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје за усвојување на Програми за работа. Со член 10 точка 4 алинеја 24 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр.55/04 и 158/11) утврдена е надлежноста на Град Скопје за украсување на градот Скопје, како комунална дејност. Согласно тоа, Советот на Град Скопје потребно е да донесе Програма за поставување на знамиња на магистрални и собирни улици на подрачјето на градот, а заради одбележување на празници и други прилики.

Во случајот, Град Скопје поставува и отстранува знамиња по повод државни празници на Република Северна Македонија, кои што се дефинирани со Законот за празниците на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/98 и 18/07 ), како и по повод празникот 13-ти Ноември, Ден на ослободувањето на градот Скопје. Исто така, поставување и отстранување на знамиња се врши и при посета на странски државници, по претходно барање на надлежен републички орган, по повод избори (претседателски, парламентарни и локални), како и во други прилики (референдум и сл.).

Заради наведеното, предлагаме Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики во 2023 година.